С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 6 година XLIII

18 април 2007

70.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци

Се објавува Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/2
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" БР. 5/02), член 44,став 1од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 11.04.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци

Член 1

Со оваа Одлука се врши давање намена на дел од објект што се наоѓа на КП 1684, заведен на Имотен лист бр 473 за КО Иванковци, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Објектот кој е утврден во член 1 на оваа Одлука се состои од приземје и спрат. Просториите во приземјето на објектот , кои се сопственост на Општина Велес се наменуваат за:

- Просторијата (ДП1)со површина од 74м2 се наменува за времено користење на Месната заедница на село Иванковци за организирање на културни и забавни активности без надоместок.
- Просторијата (ДП5) со површина од 20,16м2 се наменува за дисперзирана канцеларија на Општина Велес и за канцеларија за слободен пристап на интернет на месното население.
- Просториите (ДП2,ДП3и ДП4) со површина од 45,43м2 се наменуваат за комерцијални цели.

Составен дел на оваа одлука е Скица од етажното мерење на Објектот издадена од Одделението за премер и катастар – Велес.

Член 3

За просториите кои се наменети за културни и забавни активности на месната заедница ќе биде склучен Договор помеѓу Месната заедница с. иванковци и Општина Велес со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврки.

Просториите кои се наменети за комерцијални цели ќе се издаваат по пат на јавно наддавање со избор на најповолен понудувач.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1549/4
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

71.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/3
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 11.04.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок

Член 1

Во Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.3/03 и 4/03) се врши измена и дополнување во член 2 во кој се додава нов став три кој гласи:

„Времетреањето на користење на просториите, од страна на Стрип –Центарот на Македонија се продолжува за уште 1(една) година“.

Член 2

Во член 3 од Одлуката после став еден се додава нов став два кој гласи:

„За продолжувањето на времето користење на просторијата помеѓу Општината Велес и Стрип Центар на Македонија ќе се склучи Анекс –Договор“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1549/5
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

72.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлука за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Решението за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес, донесено од градоначалникот бр.0801-1379/1 од 29.032007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/1
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес

1. Советот на Општина Велес не го усвои Решението за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес, донесено од градоначалникот на Општина Велес бр.0801-1379/1 од 29.03.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1549/3
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одрана на ден 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги „ЛЕОВ-КОМ“ ДООЕЛ Велес.

Член 2

Давањето на согласност значи да барателот може да користи дел од паркинг просторот на ООУ „Блаже Конески“ Велес, во површина од 150 м2, согласно со предлог скицата.

Член 3

Користењето на дел од паркинг просторот се дава на период од 10 (десет) години, за временскиот интервал од 10-ти јуни до 01-ви септември секоја година.

Член 4

По денот на добивањето на согласност за користење на дел од паркинг просторот, ќе се уреди облигациониот однос помеѓу ООУ „Блаже Конески“ Велес и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги „ЛЕОВ-КОМ“ ДООЕЛ Велес, во кој прецизно ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 5

По истекот на период од 2 (две) години од денот на добивањето на согласноста за користење на дел од паркинг просторот Комисија составена од претставници на ООУ „Блаже Конески“ Велес“, и Трговското друштво за вработување на инвалидидзирани лица, за производство, трговија и услуги „ЛЕОВ-КОМ“ ДООЕЛ Велес и Општина Велес ќе извршат контрола за начинот на кој што се реализираат правата и обврските на двете страни.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1348/12
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

73.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за начинот на избор на мобилни телефони за членовите на Советот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за начинот на избор на мобилни телефони за членовите на Советот на Општина Велес,

што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/4
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за начинот на избор на мобилни телефони за членовите на Советот на Општина Велес

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за начинот на избор на мобилни телефони за членовите на Советот на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1549/6
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

74.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за провалите во спомен-куќите на Кочо Рацин, Џинот и Касапови

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за провалите во спомен-куќите на Кочо Рацин, Џинот и Касапови, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/5
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за провалите во спомен-куќите на Кочо Рацин, Џинот и Касапови

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за провалите во спомен-куќите на Кочо Рацин, Џинот и Касапови.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1549/7
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

75.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за состојбите во Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите во Средното стручно општинско училиште „Коле

Неделковски“,што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/6
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за состојбите во Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски“

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за состојбите во Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1549/8
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

76.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за избор на најповолен понудувач за добивање на право за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за избор на најповолен понудувач за добивање на право за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година.

Број 0801-1664/7
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за избор на најповолен понудувач за добивање на право за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за избор на најповолен понудувач за добивање на право за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1549/9
11.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

77.

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" р. 5/02) и член 27, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес бр.12/06), Градоначалникот на Општина Велес на ден 18.04.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање од објавување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се запира од објавување - Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес бр.0701-1549/10, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.04.2007 година. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-1664/1
18.04.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Бр на акт **Страница**

70	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци** **О Д Л У К А за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци**	**97**
71	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок**	**98**
72	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлука за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес** **О Д Л У К А за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес**	**98**
73	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за начинот на избор на мобилни телефони за членовите на Советот на Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за начинот на избор на мобилни телефони за членовите на Советот на Општина Велес**	**99**
74	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за провалите во спомен-куќите на Кочо Рацин, Џинот и Касапови** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за провалите во спомен-куќите на Кочо Рацин, Џинот и Касапови**	**100**
75	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за состојбите во Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за состојбите во Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски“**	**100**

Бр на акт **Страница**

76	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за избор на најповолен понудувач за добивање на право за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места**	**101**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за избор на најповолен понудувач за добивање на право за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места	
77	**Р Е Ш Е Н И Е за запирање од објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	**102**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00